Како дел од проектот "Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија" имплементиран од Швајцарската агенција за развој и соработка, Меѓународната фондација за изборни реформи и Националниот младински совет на Македонија, јас сум задолжен за мониторинг на Странските директни инвестиции во Македонија. За таа цел, потребни ми се одредени податоци од НБРМ.

Во прилог ви испраќам две Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и ве замолувам да ми одговорите во рамки на законскиот рок.

Ви благодарам,

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.05.2019 година), секретарот на банката, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 6 мај 2021 година донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањата за пристап до информации од јавен карактер од 22.04.2021 година, поднесени од , СЕ ОДОБРУВААТ.

Во однос на бараните податоци за вкупно директни инвестиции во Република Северна Македонија – трансакции – по вид на инвестиција, по месеци (јануари и февруари 2021 година) и вкупно директни инвестиции во Република Северна Македонија – трансакции – по дејности, по месеци (јануари и февруари 2021 година) барателот се известува за следното:

Податоците за странски директни инвестиции (СДИ) се изготвуваат и објавуваат на квартална основа, 60 денови по завршувањето на референтниот период. Согласно ова, податоците за директни инвестиции за првиот квартал од 2021 година сѐ уште не се објавени и истите ќе бидат достапни на 31 мај 2021 година на статистичкиот веб портал НБСтат (https://nbstat.nbrm.mk/).

Податоците за СДИ – трансакции, по вид на инвестиција се достапни со месечна динамика (по месеци), додека СДИ – трансакции, по дејности се достапни единствено со квартална дистрибуција на податоците.

Во прилог ви ги доставуваме последно расположливите податоци за СДИ – трансакции, по вид на инвестиција и по дејности, заклучно со четвртиот квартал на 2020 година.
До овие податоци можете да пристапите преку следните интернет врски:

- Директни инвестиции во Република Северна Македонија - трансакции - по вид на инвестиција, по месеци (https://nbstat.nbrm.mk:443/sq/f5c1bc90-e5fe-4175-a715-abaa1cffbc07)

- Директни инвестиции во Република Северна Македонија - трансакции - по дејности, по тримесечја (https://nbstat.nbrm.mk:443/sq/76c3503b-8242-4735-8cf5-120d0e765db5)

Ве молиме имајте предвид дека истите интернет врски можете да ги користите и за пристап до следни објави на податоци.

## Образложение

На 22 април 2021 година до Народната банка на Република Северна Македонија од страна на [illegible] се поднесени две Барања за пристап до информации од јавен карактер, со кои барателот бара податоци за вкупно директни инвестиции во Република Северна Македонија – трансакции – по вид на инвестиција, по месеци (јануари и февруари 2021 година) и вкупно директни инвестиции во Република Северна Македонија – трансакции – по дејности, по месеци (јануари и февруари 2021 година).

Имајќи во предвид дека податоците претставуваат информации од јавен карактер, а двете барања се однесуваат на статистички податоци за ист период, за двете барања се донесе Решение како во диспозитивот.

Бр. 03-14277/1
6 мај 2021 година

Секретар на банката
Маја Андреевска

**Правна поука**: Незадоволниот учесник има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.